РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409 - 184/2
27. 09. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 10 седница одржана на 17.05.2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Фитотерапија - хербални лекови и додатоци во исхраната втор циклус студии на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Фитотерапија - хербални лекови и додатоци во исхраната втор циклус студии на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Специјалист по фитотерапија - хербални лекови и додатоци во исхраната**
Научно - истражувачко подрачје: Медицински науки и здравство
Научно – истражувачко поле: Фармација.
Научно – истражувачка област: Фармакогнозија.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтски факултет, трет циклус студиските програми „Фитотерапија - хербални лекови и додатоци во исхраната", на 10.04.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 9 седница, одржана на 08.05.2018 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 10 седница одржана на 17.05.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

Република Македонија
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Скопје

Република Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

| Примено: 05.10.18 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 570/1 | | |

Архивски знак:
Рок на чување: 3 год.
05.10.18 год. Потпис
Скопје